**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

# ПРОГРАМА ЗА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ХИВ ИНФЕКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА

## I.Вовед

Република Македонија е земја со ниско ниво на ХИВ епидемија која е концентрирана кај клучните популации изложени на поголем ризик.

Во периодот од 2005 до 2017 година, најголемиот дел од активностите за превенција на ХИВ кај клучните популации изложени на повисок ризик беа спроведувани од здруженија на граѓани со средства обезбедени од Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија како кофинансирање на националните стратегии за ХИВ на Република Македонија. Во овој период со координирана поддршка на Министерството за здравство и Глобалниот фонд, се изградија значителни капацитети во јавно-здравствениот сектор за дијагноза и третман, како и капацитети на граѓанските здруженија за спроведување на активности за превенција на ХИВ кај клучните популации.

Почнувајќи од 2018 година Министерството за здравство во целост ја презеде одговорноста за финансирањето на активностите за превенција на ХИВ кај клучните популации.

Со цел да се постигне најмногу за вложените ресурси, потребни се фокусирани интервенции, координација и поврзување со другите сродни стратегии и области и вклучување на локалната власт во одговорот кон ХИВ. Намалувањето на стигмата и дискриминацијата и воопшто на нееднаквостите во пристапот до здравствените и социјалните услуги се основен предуслов за успешна реализација на целите на Програмата и одржување на ниско ниво на епидемијата на ХИВ во земјата.

## II. Моментална состојба

Почнувајќи од 1987 година заклучно со декември 2018 во Република Македонија се пријавени вкупно 403 случаи, во истиот период се регистрирани и 99 смртни случаи асоцирани со ХИВ.

Постои растечки тренд на нови ХИВ дијагнози, а само во последните пет години регистрирани се 206 случаи или повеќе од половина од досега регистрираните. Во последните пет години во просек се регистрираат 41 нови случаи годишно, од кои најмалку во 2016 (33) а највеќе во 2014 година  (45).

Според возраста најголемиот број од ново дијагностицираните случаи се на возраст од 20-39 години. Кумулативно, најголем број од случаите се регистрирани во Скопје (185) и кумулативна инциденца од 30/100.000 жители. Од вкупниот број на случаи во периодот 1987-2018, 86% се машки а 14% се од женски пол. Во 2017 и 2018 сите нови случаи се регистрирани кај мажи.

Податоците покажуваат дека епидемијата е под контрола кај лицата кои инјектираат дрога и кај жени сексуални работнички, но преваленцата се зголемува кај мажите кои имаат секс со мажи (МСМ). Кумулативно, повеќе од

половина од сите случаи се регистрирани кај МСМ, а во последните пет години пропорцијата на МСМ кај новодијагностицираните случаи изнесува 73%.
Во 2018 г. до првата половина на декември се пријавени 44 нови случаи, сите кај лица од машки пол на возраст од 21-50 години. Од случаите во 2018, 84% се на возраст до 39 години, 82 проценти се кај МСМ, а 14% се пријавени кај хетеросексуални машки лица.
Дека МСМ се клучната популација каде што треба да се насочи одговорот, говорат и податоците од последното биобихејвиорално истражување кај МСМ од Скопје каде што преваленцата на ХИВ беше проценета на 5,4% или повеќе од двојно повеќе споредено со истражувањето во 2014 година.
Од случаите во 2018 година 52% се со место на живеење во Скопје, а останатите случаи се распределени во 13 други градови.
Загрижува податокот за доцната дијагноза на случаите во 2018 година; имено, медијаната вредност на ЦД4 клетки при дијагноза на случаите во 2018 изнесува 296, што е значително помалку од 2017 кога оваа вредност беше 401 или во 2016 кога медијаната за бројот на ЦД4 клети изнесуваше 342. Дополнително, 27% од дијагностицираните во 2018 биле со број на ЦД4 клетки под 200/мл, што е највисока пропорција во последните 5 години. Ваквиот податок оди во прилог на задоцнета дијагноза и потребата од интензивирање на активностите за тестирање особено кај клучните популации. Ваквата констатација е поткрепена и со наодите од првата национална студија за процена на континуитетот за ХИВ грижата, каде што беше утврдено дека дури 45% од проценетиот вкупен број на лица кои живеат со ХИВ не го знаат својот ХИВ статус, односно не биле тестирани.

Со програмата за заштита на населението од ХИВ заклучно до средината на месец декември 2018 година, опфатени се 10.500 лица од клучни популации, извршени се преку 3350 ХИВ тестирања, поделени се 27.500 кондоми и 70.000 информативни материјали.

**III Приоритетни цели на програмата**

**Главни цели на програмата се:**
**1. Одржување ниска преваленца на ХИВ во Република Македонија преку универзален пристап до превенција, третман, грижа и поддршка, базиран на почитување на човековите права и недискриминација;**

**2. 90% од лицата кои живеат со ХИВ го знаат сопствениот ХИВ статус, 90% од лицата кои го знаат својот статус примаат континуирана АРТ и кај 90% од нив е постигната супресија на ХИВ;**

**Специфични цели на програмата за 2019 се:**

1. Да се одржи ниска преваленца на ХИВ кај клучни популации во Република Македонија во 2019 година;
2. Да се зголеми бројот на лица од клучни популации кои го знаат својот ХИВ статус;
3. Секое лице кое живее со ХИВ има пристап до квалитетен и сеопфатен третман за ХИВ и услуги за грижа и поддршка како дел од сеопфатен третман за ХИВ;
4. Одржување интегриран и одржлив информациски систем за мониторинг на активностите и на постигнатите резултатите поврзани со превенција, третман, грижа и поддршка за ХИВ.

**Успешноста на Програмата ќе се оценува преку основните индикатори на исход:**

1. Број на новодијагностицирани случаи на ХИВ според стадиум на инфекција;
2. Број и процент на лица кои го знаат својот ХИВ статус;
3. Број и процент на лица кои се поставени на АРТ;
4. Број и процент на лица кај кои е постигната супресија на ХИВ;

**IV МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТ**

**Цел 1. Да се одржи ниска преваленца на ХИВ кај клучни популации во Република Македонија во 2019 .**

**Цел 2. Да се зголеми бројот на лица од клучни популации кои го знаат својот ХИВ статус.**

**Мерка 1: Зголемување на опфатот на МСМ со услуги за превенција на ХИВ и други СПИ**
**Активности:**
1. Одржување, отворање нови и проширување на стационарните и теренските сервиси за МСМ;
2. Воведување нови и иновативни пристапи за зголемување на опфатот со ХИВ превенција за МСМ (социјални, нови и електронски медиуми, апликации и платформи за паметни телефони, ИТ алатки и сл.);
3. Изготвување протоколи за постекспозициска профилакса применлив специфично за МСМ, како и ревидирање на постоечкиот протокол за постекспозициска профилакса кај здравствени работници;
4. Изготвување протоколи за пропишување на предекспозициска профилакса и медицинско следење за корисниците на профилаксата, како и концепт за пилот студија за воведување на предекспозициската профилакса како комплементарна мерка за превенција.

**Показатели на успешност**
1. Број на организации кои нудат услуги за превенција на ХИВ кај МСМ;
2. Број на МСМ опфатени со основен пакет за превенција на ХИВ; Цел- 5000 МСМ опфатени на годишно ниво

**Извршители:** Здруженија на граѓани

**Мерка 2: Елиминирање на стигма, дискриминација и хомофобија кон МСМ**
**Активности:**
1. Организирање на активности против хомофобијата и јавната стигма и дискриминацијата кон заедницата на МСМ;
2. Зајакнување на капацитетите на лицата кои работат во програмите за поддршка на МСМ;
3. Сензитивизација и обука на засегнати страни со цел креирање на поддржувачка средина за ефективна превенција на ХИВ и СПИ меѓу МСМ;

**Показатели на успешност**
1. Број на активности за намалување на стигма;
2. Број на работилници и обучени лица;

**Извршители:** Здруженија на граѓани

**Мерка 3: Одржување висок опфат и квалитет на програмите за намалување штети од употреба на дроги кај лицата кои инјектираат дроги (ЛИД)**
**Активности:**
1. Одржување на стационарните и теренските сервиси за намалување на штети од употреба и инјектирање дроги раководени од граѓански здруженија;
2. Психосоцијална поддршка на лица кои се на третман од зависности од дроги;Проширување на сервисите и фреквенцијата на теренско ДСТ и воведување на интегрирани услуги за ДСТ во рамките на превентивните услуги кои се нудат од страна на граѓанските здруженија.

**Показатели на успешност**
1. Број на ЛИД опфатени со основен пакет за превенција на ХИВ; Цел - 4500 опфатени ЛИД на годишно ниво

**Извршители:** Здруженија на граѓани

**Мерка 4: Одржување на висок опфат и квалитет на програмите за превенција на ХИВ и СПИ кај СР**
**Активности**
1. Одржување на стационарните и теренските сервиси за превенција кај СР раководени од граѓанскиот сектор;
2. Развивање програма за работа со машки и трансродни сексуални работници;

3. Зајакнување на организациските и оперативни капацитети на постоечките програми за поддршка на сексуални работници, со посебен фокус кон МСМ СР;
4. Проширување на сервисите за ДСТ и воведување на интегрирани услуги за ДСТ во рамките на превентивните услуги кои се нудат од страна на граѓанските здруженија.

**Показатели на успешност**

1. Број на СР опфатени со основен пакет за превенција на ХИВ; Цел – 1850 СР опфатени ЛИД на годишно ниво

**Извршители:** Здруженија на граѓани

**Мерка 5. Подобрување на достапноста на ХИВ тестирањето за лица припадници на клучните популации и на општата популација**

**Активности**

1. Одржување на постоечките теренски сервиси за ХИВ тестирање за клучните популации засегнати од ХИВ раководени од граѓански здруженијата
2. Демедикализација на ХИВ тестирањето со брзите скрининг тестови
3. Интегрирање на ХИВ тестирањето во постоечките стационарни сервиси за превенција на ХИВ и СРЗ раководени од здруженијата и засегнатите заедници
4. Проширување и надградба на програмите за ХИВ тестирање со фокус на мажи кои имаат секс со мажи и машки сексуални работници кои се раководени од здруженијата и засегнатите заедници во соработка со јавно здравствени институции
5. Воведување на нови и иновативни пристапи за промоција и зголемување на опфат со ХИВ тестирање помеѓу клучните популации засегнати од ХИВ,
6. Подобрување на условите за ХИВ тестирање и советување за клучни популации и ранливи групи во рамки на здравствените установи, вклучително и во ТБ диспанзери, центри за лекување на зависности и затвори и институции од затворен карактер
7. Проширување на соработката помеѓу јавно здравствените установи и граѓанските здруженија за подобрување на достапноста и квалитетот на ДСТ
8. Изработка на протокол и воведување на само-тестирање за ХИВ
9. Секој позитивен скрининг тест ќе биде потврден/отфрлен во референтните лаборатории при ИЈЗ и Клиниката за инфективни болести

**Показатели на успешност**

1. Број на млади и лица од општа популација тестирани за ХИВ
2. Број на МСМ тестирани за ХИВ и други СПИ;
3. Број на ЛИД тестирани за ХИВ и други СПИ;
4. Број на СР тестирани за ХИВ и други СПИ.
5. Изменета законска регулатива/донесено решение за вршење на ХИВ тестирање во овластени граѓански здруженија

**Цел**

**Со оваа активност ќе бидат опфатени вкупно 1400 МСМ , 850 СР и 750 ЛИД , односно вкупно**

**Извршители:** Здруженија на граѓани, ЦЈЗ, ИЈЗ, Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби

**Мерка 6. Подигање на свесноста и сензитивноста за ХИВ и правата на лицата од клучните популации меѓу општата јавност и клучните институциите**

**Активности**

1. Обуки за сензитивизација на кадар во клучни институции (здравство, социјална заштита, правда, полиција, медиуми и др.) и изработка на водичи за работа со припадници на клучните популации

2. Едукативни сесии за превенција на ХИВ со фокус за намалување на стигма и дискриминација кон клучни популации и лица кои живеат со ХИВ
3. Спроведување на активности со фокус на намалување предрасудите и дискриминацијата, зголемување на стапката на ХИВ-тестирање и одбележување на Светскиот ден на СИДА

Показатели на успешност

1. Број на обучени и сензитивизирани здравствени работници во однос на проблематиката поврзана со ХИВ инфекцијата
2. Број на едукативни сесии за превенција и со фокус за намалување на стигма и дискриминација кон клучни популации и лица кои живеат со ХИВ
3. Број на фокусирани активности и кампања за подигнување на јавната свесност изразен во проценет број на индивидуи до кои допреле комуникациските пораки

**ЦЕЛ 3: Секое лице кое живее со ХИВ има пристап до квалитетен и сеопфатен третман за ХИВ и услуги за грижа и поддршка како дел од сеопфатниот третман за ХИВ**

**Мерка 1. Воспоставување интегриран систем за обезбедување на терапијата, грижа и поддршка за лица кои живеат со ХИВ**

**Активности:**

1. Утврдување и континуирано ажурирање на листа на неопходни антиретровирусни лекови за прва, втора и трета линија на терапија, како и педијатриски антиретровирусни лекови
2. Набавка и дистрибуција на АРВ лекови и редовно следење на нивните ефекти
3. Координиран пристап помеѓу УКИБФС, Министерството за здравство, Агенцијата за лекови и Фондот за здравствено осигурување во планирањето на процесите за обезбедување на терапијата, како и вклучување на заедницата на лица што живеат со ХИВ во следењето на процесите
4. Ревидирање на националното упатство за медицинско згрижување при ХИВ-инфекција, во согласност со медицината базирана на докази и упатствата на СЗО и на Европското клиничко здружение за СИДА
5. Обезбедување услови за планирано родителство на мажи и жени кои живеат со ХИВ

**Мерка 2. Одржување добро здравје и висок степен на адхерентност кај пациентите со ХИВ на АРТ (>90%) преку континуирано нудење услуги за психосоцијална поддршка**

1. Обезбедување сервиси кои овозможуваат долг и квалитетен живот за ЛЖХИВ и висока адхерентност до антиретровирусната терапија, вклучувајќи и психосоцијална и врсничка поддршка и позитивна превенција (едукација и советување за сексуалното здравје; справување со стигмата и дискриминацијата и промоција на употребата на кондоми).

**Показатели на успешност**

1. Број на лица кои се поставени на АРТ Цел; 260 лица
2. Број на лица поставени на АРТ со ЦД4 под 200/мл
3. Процент на лица кои се задржани на терапија
4. Процент на лица кај кои е постигната супресија на вирусот
5. Ажуриран протокол за терапија
6. Број на лица опфатени со услуги за психосоцијална и врсничка поддршка и позитивна превенција во рамките на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и преку соработка со здруженија за поддршка на ЛЖХИВ. Цел;260 лица

**Извршители:** ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, здруженија на граѓани.

**Цел 4: Одржување на интегриран и одржлив информациски систем за мониторинг на активностите и на постигнатите резултатите поврзани со превенција, грижа и третман на ХИВ.**

**Мерка 1 Прибирање, раководење и употреба на стратешки информации за мониторинг на ХИВ епидемијата и програмите за превенција**

**Активности:**

1. Одржување на националниот електронски систем за прибирање информации поврзани со превенција на ХИВ кај клучни популации
2. Спроведување на редовни мониторинг посети во сите организации и институции за обезбедување на квалитет на активностите
3. Одржување на Националниот центар за мониторинг и евалуација на активностите за превенција на ХИВ во Република Македонија
4. Континуирана едукација за надзор и пријавување во информацискиот систем за сите инволвирани организации и институции
5. Годишна проценка на број на ЛКЖХИВ користејќи релевантни алаки за моделирање (според Европскиот центар за превенција и контрола на болести, УНАИДС и сл.)
6. Подобрување на дисеминацијата на податоците, извештаите од надзорот и резултатите од истражувањата за ХИВ
7. Редовно ажурирање на анонимниот регистар за случаи на ХИВ помеѓу Клиниката за инфективни болести и Институтот за јавно здравје
8. Анализа на континумот на услуги за здравствена грижа во врска со ХИВ во соработка со ЈЗУ Универзитетска клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби и Институт за јавно здрвје

**Показатели на успешност**

1. Функционален електронски систем за прибирање на податоци
2. Број на одржани обуки за корисници
3. Број на теренски увиди
4. Редовни квартални, полугодишни и годишен извештај за реализација на програмските активности
5. Извештај за напредокот кон постигнување на целите „90-90-90“
6. Ажурирана база на податоци помеѓу ИЈЗ и Клиниката за инфективни болести

**V. Потребни финансиски средства (обем,цена и вкупни средства) Табела 1**

| **Потребни финансиски средства (обем, цена и вкупни средства) Табела 1 за 2019** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Координација,собирање и употреба на стратегиски информации, следење и проценка** | | | | | |
| **Бр.** | **Активност** | **Извршител** | **Количина** | **Цена** | **Вкупно** |
| **1** | **Национален центар за управување со податоци, надзор и следење Мониторинг, следење и проценка** | Институт за јавно здравје | 1 | 500.000,00 | 500.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2** | **Одржување дата-база на известувања мониторинг посети одржување на возило** | Институт за јавно здравје | 1 | 180.000,00 | 180.000,00 |
| **3** | **Публикација и печатење на упатства, стандарди и едукативни материјали** | Институт за јавно здравје | 1 | 200.000,00 | 200.000,00 |
| **4** | **Набавка на ХИВ тестови за брз скрининг** | Министерство за здравство | 1 | 700,00 | 700.000,00 |
| **5** | **Набавка на кондоми и лубриканти** | Министерство за здравство | 1 | 1.900.000,00 | 1.900.000,00 |
| **6** | **Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за мажи што имаат секс со мажи (МСМ) во Скопје, Тетово, Охрид, Штип и Струмица** | Избрани здруженија | 1 | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 |
| **7** | **Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за лица кои инјектираат дрога (ЛИД) во Скопје (3), Тетово, Гостивар, Кичево, Охрид, Струга, Битола, Кавадарци, Струмица, Гевгелија, Прилеп, Штип, Велес и Куманово** | Избрани здруженија | 1 | 21.600.000,00 | 21.600.000,00 |
| **8** | **Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за сексуални работници (СР) во Скопје (2), Тетово, Гостивар, Охрид, Битола, Струмица, Гевгелија** | Избрани здруженија | 1 | 7.500.000,00 | 7.500.000,00 |
| **9** | **Позитивна превенција и психосоцијална поддршка кај лица со ХИВ и нивни партнери со превенција кај МСМ** | Избрани здруженија | 1 | 1.700.000,00 | 1.700.000,00 |
| **10** | **Активности за теренско ХИВ тестирање и советување кај клучните популации** | Избрани здруженија | 1 | 3.200.000,00 | 3.200.000,00 |
| **11** | **Психосоцијална поддршка за лица што се лекуваат од зависност од дрога** | Избрани здруженија | 1 | 1.800.000,00 | 1.800.000,00 |
| **12** | **Активности за дијагноза и третман на СПИ и услуги за сексуално и репродуктивно здравје кај клучните популации и млади лица** | Избрани здруженија | 1 | 4.700.000,00 | 4.700.000,00 |
| **13** | **ДСТ -ХИВ и ХЦВ кај ЛИД на третман со супституција** | ЈЗУ Општи болници- Центри за превенција и третман на зависности, Психијатриска Болница | 700 | 150,00 | 105.000,00 |
| **14** | **ХИВ ДСТ вклучувајќи новооткриени пациенти со туберкулоза** | Институт за јавно здравје | 200 | 150,00 | 30.000,00 |
| **15** | **Доброволно и доверливо тестирање и советување за ХИВ** | 10 Центри за јавно здравје | 1.000 | 150,00 | 150.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **16** | **Предавања за превенција на ХИВ кај лица кои издржуваат казна затвор и доброволно и доверливо тестирање за ХИВ** | Центри за јавно здравје | 20 | 1.500,00 | 30.000,00 |
| **17** | **Спроведување на стручни предавања и превенција на ХИВ и СПИ помеѓу општа и млада популација** | 10 Центри за јавно здравје | 50 | 1.500,00 | 75.000,00 |
| **18** | **Конфирматорска лабораториска дијагноза на ХИВ- инфекција** | Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби | 40 | 3.000,00 | 120.000,00 |
| **19** | **Конфирматорска лабораториска дијагноза на ХИВ- инфекција** | Институт за јавно здравје | 30 | 3.000,00 | 90.000,00 |
| **20** | **Набавка на антиретровирусна терапија и тестови за следење на ХИВ - инфекцијата за лицата кои живеат со ХИВ** | Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби | 1 | 36.420.000,00 | 36.420.000,00 |
| **21** | **Иследување за избор на ефикасен антиретровирусен третман и контрола на ефикасност на лекување со антиретровирусна терапија HLA- B-5701 тест, Тропизам -CCR5, Фармакогенетика, Генотипизација - CYP450** | Институт за имунологија | 1 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| 22 | **Вкупно** | | | | **90.000.000,00** |

**VI. Финансирање (извори на обезбедување на средствата -Буџет на Република Македонија донации и други извори)**

Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 90.000,000,00 денари. Оваа програма ќе се реализира во рамките на средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2019 година и тоа: 65.000,000,00 денари од основен Буџет и 25.000,000,00 денари од Буџет на самофинансирачки активности на Министерство за здравство, додека дел од активностите и мерките ќе се реализираат во рамките на постоечките Буџети на јавните здравствени установи. Неизмирените обврски кон извршителите за 2018 година ќе бидат исплатени во тек на 2019 година.

**VII. Извршители на Програма**

Извршители на оваа програма се Министерство за здравство, Институт за јавно здравје, Институт за епидемиологија ,Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, Центри за јавно здравје , Општи и специјални болници и здруженија на граѓани избрани врз основа на јавен повик објавен од страна на Министерство за здравство.

**VIII. Доставување на извештаи и рокови**

Распределбата на средствата од оваа програма ќе ја врши Министерството за здравство кон извршителите на активностите, врз основа на доставени фактури изготвени според приложените формати за изготвување на фактури , барање за исплата на средства со уредно пополнети наративни извештаи за имплементација на активностите, преглед на трошоци, изјава за потврда на спроведените активности и точноста на доставените податоци во извештајот, барање за исплата на средства и фактура, докази за извршена набавка, договори и друга документација.

**IX. Следење на реализација на Програмата (мониоторинг и евалуација)**

Следење на спроведувањето на оваа програма ја врши Министерство за здравство во соработка со Институтот за јавно здравје на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во рамките на Целите за одржлив развој, Република Македонија се обврза да стави крај на епидемијата на ХИВ како јавно-здравствен проблем до 2030 година, додека со политичката декларација за ХИВ и СИДА на Генералното собрание на Обединетите нации, Република Македонија исто така се обврза до 2020 година да ја постигне целта 90-90-90, односно, 90% од проценетиот број на лица што живеат со ХИВ да го знаат својот статус; 90% од нив да бидат ставени на антиретровирусна терапија, додека 90% од оние што ја примаат терапијата да имаат постигнато недетектабилно ниво на вирус во крвта.

Според проценките на експертскиот тим на Светската банка и Министерството за здравство, во моментот само околу 50% од лицата што живеат со ХИВ се дијагностицирани, односно околу половина од нив не се свесни за својот ХИВ статус. Токму затоа главна цел на националната програма за ХИВ е припадниците на клучните популации да бидат опфатени со програмите за превенција и ХИВ-тестирање, лицата кои се инфицирани да бидат детектирани и поврзани со системот на здравствената заштита во врска со ХИВ-инфекцијата и да пристапат кон лекување и терапија.

На тој начин ќе се унапреди нивното здравје и ќе се спречи натамошно пренесување на инфекцијата. Во исто време, се избегнуваат трошоци за долги хоспитализации и за лекување на компликации поврзани со СИДА, како и смртен исход поради ненавремена дијагноза.

Доколку се остварат целите на новата национална стратегија, кои се во согласност и со глобалните цели во однос на ХИВ-епидемијата, се очекува до 2021 состојбата да се стави под контрола, бројот на нови инфекции значително да опадне, а со тоа и потребите за терапија, да се стабилизираат.

Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 90.000,000,00 денари. Оваа програма ќе се реализира во рамките на средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2019 година и тоа: 65.000,000,00 денари од основен Буџет и 25.000,000,00 денари од Буџет на самофинансирачки активности на Министерство за здравство, додека дел од активностите и мерките ќе се реализираат во рамките на постоечките Буџети на јавните здравствени установи.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.